

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец јуни 2024

Датум: 10.07.2024
Сектор Инвестиции

Содржина

1. ВВ Тиквеш АД Кавадарци .......................................................................................................... 3

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец јуни 2024 година, се одржа акционерско собрание на: ВВ Тиквеш АД Кавадарци, компанија во која задолжителниот и доброволниот пензиски фонд поседуваат акции и согласно Правилникот имаат обврска за присуство и известување.

# 1. ВВ Тиквеш АД Кавадарци

## 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштво има обврска за задолжително присуство.

**I. ВВ Тиквеш АД Кавадарци**

| *Име на акционерското Друштво* | **ВВ Тиквеш АД Кавадарци** | |
|---|---|---|
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **3,90%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,10%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 18.06.2024 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | 1. Избор на претседавач и работни тела.<br>2. Донесување на Одлука за измена на Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА -ТИКВЕШ експорт- импорт АД- Кавадарци. | |
| *Претставници на Собранието* | Игор Радовски | |

**II. ВВ Тиквеш АД Кавадарци**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на ВВ Тиквеш АД Кавадарци се одржа на 18.06.2024 година со почеток во 12:00 часот во деловните простории на друштвото во Скопје на улица Димче Беловски бр.2, Гази Баба- Скопје.

Претставникот на Сава Пензиско Друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на ВВ Тиквеш АД Кавадарци гласаше на следниот начин:

1. Избор на претседавач и работни тела.

**Претставникот гласаше ЗА**

**Работен Дел:**

2. Донесување на Одлука за измена на Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА -ТИКВЕШ експорт- импорт АД- Кавадарци.

**Претставникот гласаше ЗА**

## 1.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на ВВ Тиквеш АД Кавадарци

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за негово одржување, се пристапи кон избор на Работни тела. На собранието беа присутни акционери кои поседуваа 87,83% од акциите со право на глас.

На акционерското собрание присутните акционери гласаа „ЗА” за усвојување на одлуката за измена на Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА -ТИКВЕШ експорт- импорт АД- Кавадарци. Со оваа одлука се предвидува намалување на бројот на членови на Управниот одбор, од претходните 7 на 5 членови. Сметаме дека одлуката е во насока на поголема ефикасност во доменот на корпоративното управување, поради што претставникот на Сава пензиско друштво а.д. Скопје гласаше „ЗА” по оваа точка од дневниот ред.

Со усвојувањето на единствената точка од Дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи акционерското собрание за затворено.